

# Baumit KlimaWhite

## Клима малтер




- **Ја регулира климата во просторијата**
- **Природно бел**
- **Без штетни материи и отпорна на мувла**

**Производ**

Дифузно отворен, бел варов лесен малтер, за регулирање на влагата во внатрепните простории, вклучувајќи и мокри простории. Природната микропорозна структура овозможува мрзо превземање на влагата, а исто така и брзо испуштање на влагата, со што се обезбедува одлична клима во просторијата.

**Состав**

Хидратна вар, бел цемент, перлит, песок и адититви.

**Својства**

KlimaWhite малтерот обезбедува силно паропропусна површина со порозна структура која оптимално ја регулира влагата во просторијата. На тој начин овозможува одржување угодна и здрава клима. Гранулација 0,6 mm.

**Аплицирање**

Машиснки малтер, за примена во затворено за природно регулирање на влагата и здрава клима, подоген за сите внатрешни површини, погоден за мокри чворови и влажни простории, примерен и за зидни греење. Погоден и како подлога за положување на плочки - претходна обработка на подлога во склад со нормата ÖNORM B 2207.

**Технички податоци**

| | |
|---|---|
| норма: | EN 998-1 |
| класификација: | GP-CS II-W0 |

natureplus
0801-078-9001

**Облик на испорака**

Врека 25 kg, 1 палета = 48 вреќи = 1200 kg

**Складирање**

12 месеци на суво на дрвени палети

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**

Подлогата мора да биде чиста, сува, незамрзната, обеспрашена, не смее да биде водоодбивна, без исцветување, носечка и без нестабилни делови.

**Подготовка на подлогата**

Барањата важат за зидови усклadени со важечката норма и подразбираат порано затворени фуги.

Podloga
- Цигла( шуплива цигла/цигла со нормален формат): кај силно односне нерамномерни впивливи подлоги препорачливо е: Да се импрегнира зидот со Baumit Grund разреден со вода 1:6, сушење мин 12 часа;
- Гас бетон:Baumit Grund 1:6 разреден со вода; сушење мин 24 часа
- БЕтон: задолжителна е примена на премаз Baumit SuperPrimer, сушење мин. 30min - макс. 48h



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Обработка**

Заради поедноставна обработка пред почетокот на малтерисувањето на сите ќошиња и агли залепете нерѓосувачки аголни профили за внатрешно малтерисување со лепак Baumit (никако со гипс).
На местата каде треба да се постават керамички плочки се препорачува употреба на водилка за малтериссување, како помош за развлекување на малтерот и постигнување на правилна геометрија. Површината не се мазни само грубо се извлекува со мастер .
Baumit KlimaWhite може да се обработи со вообичаените машини за малтерисување (пр. PFT G4, G5, S48, S58, M3 или слични машини за малтерисување ). Во машината за малтерисување не смее пред почетокот со работа да има никакви остатоци од материјал кој што содржи гипс!
Доколку е потребно подлогата претходно да се навлажни, после што со машината за малтерисување гасеничасто нанесете го малтерот до потребната дебелина (мин. 10 mm, макс. 25 mm по слој), рамно да се развлече со H - мастер и после почетното врзување да се обработо со трапезоидна рамнилка или да се измазни со соодветна глетарка .
Ако поради нерамнините е потребно нанесување на повеќе слоеви, за време на нанесувањето на првиот слој (максимално 25 mm) површината хоризонтално да се орапави со назабена гребалка за малтер и пред нанесување на следниот слој добро да се навлажни (површината мин. 2 дена да се заштити од исушување, а пред нанесување на завржниот слој да се почека карбонизацијата ).
Ако дебелината на слојот треба изнесува повеќе од 30 mm, примена на KlimaWhite не се препорачува (значително долго време на сушење, побарјте совет од стручно лице ).
Потрошувачка: 12-12,5 kg/m2/cm
Пред вклучување на машината за малтерисување (погонски мотор мин. 5.5 kW) задолжително навлажнете го цревото за малтер (ретка конзистенција, варова или цементна мешавина ).
Останати податоци: видете во листот со технички податоци за машината за малтерисување

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата мораат за време на обработката и врзувањето да бидат над +5°C. Свежо измалтерисираните површини мин. 2 дена да се заштитат од исушување .
Кај употреба на грејни уреди, посебно плински, задолжително е да се обезбеди добра попречна вентилација (карбонизација). Директно загревање на малтерот не е дозволено .
Задожително е придржување до насоките за обработка на фабрички замешани малтери од австриската работна заедница за малтер во важечка верзија. За постигнување на рамни површини применете ја нормата ÖNORM DIN 18202 .
Отворите од електрични и останати канали, задолжително пред малтерисувањето пополнете ги со соодветен варово-цементен малтер, како би се обезбедила секогаш иста дебелина при малтерисувањето на комплетните површини. На сите поправки, како и при комбинацијата од различна кимбинација на зидови, поставете арматурна мрежичка . Појачувањето на површината не ја елиминира во потполност појавата на пукнатини, но го намалува ризикот од нивна појава.
Кај вградување или надоградба на други зидни градежни материјали или плафони задолжително е да се изведе зарезување со зидарска мистрија се до подлогата за малтерисување .
Површините на кои треба да се положуваат плочки не смејат да се измазнат (рамна површина во склад со ÖNORM B 2207).
Времето на сушење пред понатамошна обработка изнесува мин. 10 дена по cm дебелина на малтер.
Завршна обработка - внатрешни површини
Baumit малтерот KlimaWhite со маса за глетување KlimaFino или KlimaFino и со внатрешна боја:

- Baumit KlimaColor
- Baumit KlimaDekor

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk